**КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ**

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕВОЗНИЦИ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ ВО ДОМАШЕН И МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ СО ОРГАНИЗАТОР НА ПРЕВОЗ

Со извршена промена по одлука бр.0204-3470/1 од 28.03.2013 година.

## Општи одредби врз кои се утврдува одговорноста

(1) Со овие Услови се регулираат меѓусебните права и обврски, помеѓу организатор на превозот на пратките во домашен и меѓународен транспорт, како осигуреник и Кроација осигурување А.Д. Друштво за неживотно осигурување Скопје како осигурувач на одговорноста на осигуреникот како организатор на превозот према корисниците на превозот.

(2) Одговорноста на осигуреникот се утврдува според одредбите од овие Услови и:

1. Законот за Договор за превоз во друмскиот сообраќај (Сл. Лист на СФРЈ бр.2/74).
2. Законот за облигациони односи (Сл. Весник на РМ бр.18/2001).
3. Конвенцијата за договорите за меѓународен друмски превоз на стоки ЦМР (Сл. Лист на ФНРЈ бр.11/58).
4. Условите на осигурувачот за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт.

(3) Осигурувачот на барање на осигуреникот му издава годишна полиса за осигурување на македонски и англиски јазик, во која е договорена висината на осигурителното покритие по возило на годишно ниво и минималната годишна премија.

## Предмет на осигурувањето
## Член 1

(1) Ова осигурување ја покрива одговорноста на:

1.1 Осигуреникот од договорите за фактуриран, извршен превоз на стоки со сопствени возила.

1.2 Странски превземачи во колку истите директно бидат овластени од осигуреникот, а превозот го вршат со сопствени товарни возила и ако осигуреникот договорно го презема покривањето односно обезбедувањето на ЦМР осигурување за странски преземачи при издавање на налогот за превоз, за што осигуреникот на барање на осигурувачот треба да даде доказ.

1.3 Во колку осигуреникот извршувањето на транспортот го пренесе на трето лице (подпреземач), во тој случај постои субсидерална - додатна осигурителна заштита.

1.4 Со овие Услови е осигуран и превозот на стоки каде е потребен посебен режим на температура, како што се ладилници/фриго-контејнери, само од манифестирани транспортни штети (сообраќајка, пожар, експлозија), додека штети настанати од ризикот расипување се исклучени од осигурување.

(2) Вон конвенциска одговорност не е покриена со ова осигурување.

## Територијално покритие
## Член 2

(1) Територијалното покритие важи за сите осигурани превози во Европските земји вклучувајќи ги Турција и Русија во целост.

(2) Територијалното покритие се договара со годишната полиса.

## Осигурително покритие
## Член 3

(1) Осигурувачот ќе му ги надомести на осигуреникот сите износи на оштетни побарувања за пријавените - осигураните превози кои тој треба да ги плати по основ на докажана одговорност согласно ставот два од Општите одредби на овие Услови, освен штети настанати од причини наведени во член 4 и 5.
(2) Максималното обештетување по возило заедно со трошоците на годишно ниво е договорено во полисата.
(3) Покритието во овој член се пресметува во денарска противвредност по среден курс на индикативната курсна листа на Народната банка на РМ во валутата, на денот на исплатата на штетата.
(4) Осигурувачот ќе му ги надомести и:
   - оштетувања на контејнерите од манифестиран транспортен ризик со задолжителна франшиза од 250 Евра со максимален лимит од 3000 Евра по контејнер доколку поинаку не е договорено;
   - вонредните трошоци за превоз, претовар и растовар;
   - лежарина, складишнина и сл.;
   - трошоци за спор и правни дејства, кои осигураната страна ги направила со претходна согласност на осигурувачот во врска со штетата со цел да се одбрани од неоправдано или претерано оштетно барање од трето лице. Овие трошоци се најмногу до 40% од лимитот по штетен настан.

## Ризици за кои осигуреникот не одговара и не се опфатени во осигурувањето
## Член 4

(1) Со овие Услови не е осигурана одговорноста на осигуреникот за штети настанати на пратките примени на превозот поради:
   1. виша сила (земјотрес, поплава, гром, луња, снежна лавина, одронување, лизгање земјиште и сл.);
   2. припремна, мобилна и воена состојба, побуни, востанија, политички немири, вооружена кражба, тероризам и сл.;
   3. штрајк (прекин на работа) или запленување;
   4. разбојнички или други напади;
   5. акти на надлежните органи (царина, ветеринарни инспекции и сл.);
   6. вина на испраќачот или приемачот;
   7. недостатоци на пакување или поради недоволно пакување на стоката и нечисти транспортни садови;
   8. опасности поврзани со превоз на стоката во отворени возила;
   9. потполна или делумна загуба или оштетување на стоката поради нејзините природни својства или маани, како (рѓа, корозија, саморасипување, стврднување поради заситеност на воздухот со влага);
   10. превземени санитарни или дезинфекциони мерки и сл;
   11. угинување на живи животни, живина и дивеч при превоз;
   12. ако стоката се прима на превоз само под одредени услови - предадена на превоз со неисправни, неточни или непотполни ознаки или ако испраќачот ги нема преземено пропишаните мерки и внимание;
   13. губење на комерцијалната вредност на стоката, освен поради пречекорување на родот на превозот во случај на дефект на возилото;
   14. молци и други штетници;
   15. разлика во мерење, освен ако постои документ за официјално мерење на исти начини при натовар и растовар на стоката.

## Исклучени ризици
## Член 5

(1) Осигурувачот не е во обврска да му надомести штета на осигуреникот ако според законските прописи за тоа е одговорен, а таа настанала како последица на една од следните причини:
   1. Лоша намера или груба небрежност.
      Осигурувачот не ја надоместува штетата, која настанала поради лоша намера или груба небрежност на осигуреникот и лицата за кои тој одговара.
   2. Располагање на стоката.
      Ако испраќачот или приемачот одбие да ја преземе стоката, а осигуреникот без согласност на осигурувачот прифати сам да располага со стоката, осигурувачот не го надоместува делот на штетата кој ќе настане од таа причина.
   3. Спогодбено договорен рок за испорака.
      Со овие Услови не е покриена одговорноста на осигуреникот, ако договорениот рок на превоз е пократок од вообичаениот за таква пратка на таа релација, а штетата настанала како последица од неисполнување на договорениот рок.
   4. Неисполнување на спогодбата за превоз.
      Осигурувачот не е во обврска да надомести штета која би настанала ако, осигуреникот заклучил спогодба за превоз па тој превоз не го извршил или поради тоа што се јавил кај корисникот на превозот со задоцнување, а со тоа ја прекршил спогодбата за превоз.
   5. Пречекорување на пропишаниот облик и тежина (габарит).
      Осигурувачот не е во обврска да надомести штета, ако осигуреникот пропуштил да ги преземе потребните организациони мерки за превоз на максимално дозволените профили и тежини во јавниот сообраќај, а штетата ќе настане поради непочитување на специјалните сообраќајни прописи за дозволен габарит за сигурен превоз (сообраќајен знак за известување на дозволена

висина, ширина и носивост на друмско сообраќајен објект).

6. Плаќање на застарено побарување.
   Осигурувачот не ја надоместува штетата, што ја исплатил осигуреникот без согласност на осигурувачот, ако рокот на плаќање законски е застарен.
7. Фиктивни кусоци.
   Со овие Услови не е осигурана одговорноста на разни необјаснети кусоци, кои не се последица на физичка загуба или кражба на пратката. Според овие Услови, документите за мерење и вагање не се доказ на физичка загуба или кражба на пратките.
8. Превоз на племенити метали.
   Превоз на племенити метали, хартии од вредност, валути и други скапоцености, освен ако посебно не се пријават и се превезуваат со оружена придружба и специјални возила.
9. Превоз на поштенски пратки.
   Осигурувачот не ја надоместува штетата на поштенски пратки, ако ги превезува осигуреникот.
10. Сопствен имот и предмети.
    Осигурувачот не надоместува штети на личен имот на осигуреникот, неговите вработени или лицата кои ги ангажирал.
11. Забрана за превоз на сопствена стока.
    Осигурувачот забранува осигуреникот да превезува сопствена стока.

**Обврски на осигуреникот**
**Член 6**

1. На осигуреникот му е должност да ги избере возачите и/или превозниците и другите помошници за извршување, кои совесно ќе ја обавуваат работата и на истата ќе и посветат внимание.
   1.1. Возилата редовно и квалитетно да ги одржува и технички да се исправни и да одговараат на намената.
   1.2. Возачите континуирано да ги обучува за да ги познаваат обврските и правата што произлегуваат од договорот за превоз, ЦМР конвенцијата, Упатството за користење на Тир карнети, упатствата на осигуреникот и осигурувачот.
   1.3. Возачите да ги обезбеди со потребните лични и документи за превоз и средства (дозволи, Тир карнети (доколку го поседува), фактури, упатства и сл.) пред почнување на превозот.
   1.4. При натовар и растовар на стоките возачот задолжително да е присутен и да врши правилен квантитативен прием и предавање на стоките, проверка на амбалажата, редењето и прицврстувањето и растоварот на стоките.
   1.5. Ако има недостатоци при натовар и амбалажата да е оштетена да бара испраќачот веднаш да ги отстрани или во спротивно да стави забелешка на товарниот лист за недостатокот при натоварот или растоварот што го вршат други лица.
   1.6. Во товарниот лист прецизно, читливо и точно да биде наведена адреста на приемачот на сотката, неговиот телефон. Приемачот треба да има фотокопија на броевите на ЦМР-товарниот лист, Тир карнетот или соодветен царински документ и бројот на пасошот на возачот.
   1.7. Да му укаже на возачкиот персонал дека пратките треба да ги испорача само со потврда за плаќање на приемачот ако е предвидено со акредитив.
   1.8. По идентифидацијата на приемачот да ја почитува стандардната царинска процедура за да следи дали царинската процедура се извршува во Царината и од надлежни лица.
   1.9. По извршената царинска процедура да се заверат товарниот лист и Тир карнетот (или друг царински документ) и возачот стоката да ја предаде на правиот приемач со идентификација на магационерот на приемачот со лична карта и со внесување на податоци од истата во товарниот лист како и местото на растовар.
   1.10. Да се осигура дека возилата се оставаат на паркинг кој го контролира чувар односно на заградено место, кое ги пружа сите транспортни услови и безбедно оставање на возилата.
2. Осигуреникот е должен секоја видлива штета за која постои негова одговорност, да ја утврди со записник при предавање на пратката во присуство на приемачот на пратката и возачот.
   Осигуреникот е должен веднаш или најдоцна во рок од три дена од кога ќе дознае, на осигурувачот да му ја пријави секоја штета која по негова оцена го минува износот од 1000 Евра да ги има во предвид дадените упатства на осигурувачот за ангажирање на хавариски комесар за извид и процена на штетата.
3. Осигуреникот е должен да ги преземе сите потребни мерки за спречување и намалување на штетата.
4. Во случај на кражба, измама при прием, предавање на товарот и сообраќајна незгода, осигуреникот е должен таквиот настан да го пријави во полиција и за таквите пријави да му приложи додаз на осигурувачот.
5. Доколку осигуреникот ги повреди обврските од овој член (1.1.-.1.9 и т. 2, 3 и 4) осигурувачот не е во обврска да му ги надомести штетите што ќе настанат поради тоа.

**Премија за осигурување**
**Член 7**

(1) Кај овој вид на осигурување под осигурителна заштита спаѓаат превози со товарни возила, (камионски, камионски/контејнерски и возила за превоз на стоки каде е потребен посебен режим на температура како што се ладилници/фриго контејнери). Пред да започне

ризикот, осигуреникот има обврска да го пријави превозот на осигурувачот по телефакс и телефонски да го потврди.

(2) Пријавата треба да ги содржи следните податоци:
- превозното средство и бројот на регистрацијата;
- датум на поаѓање;
- место на отпрема;
- одредишно место;
- видот на стоката (нормална или стока со ладење);
- информација - податок дали превозникот има ЦМР осигурување кај нас или во друго осигурително друштво.

(3) Осигуреникот е должен да води месечна евиденција за сите ангажирани возила за превоз и на осигурувачот да му доставува список на возила кои ќе ги ангажира, до 10ти во тековниот месец за изминатиот.

(4) Премијата за осигурување, осигурувачот ја пресметува на основа месечните пријави за прометот-обртот т.е. пријавената превознина.

(5) Доколку осигуреникот не ја изврши обврската за пријавување, а во меѓувреме настане штета т.е. се докаже дека осигуреникот е виновен, во тој случај осигурувачот се ослободува од обврска за плаќање.

(6) За сите превозници пријавени дека поседуваат полиса за осигурување на одговорност на превозникот (ЦМР) осигурени во нашето Друштво, превознината ќе се прикажува во висина од 50%.

(7) Премијата за осигурување ќе се пресметува по договорена премиска стапка, наведена во полисата.

(8) Пресметаната премија на основа пријавената превознина, осигуреникот е должен да ја плати во рок од 14 дена од датата на фактурирање, по исцрпување на минималната премија.

(9) Ако осигуреникот не ја плати премијата за осигурување во договорениот рок, осигурувачот се ослободува од обврската за плаќање во случај на настаната штета по вина на осигуреникот.

**Право на контрола**
**Член 8**

(1) Осигурувачот има право на преглед на деловните книги на осигуреникот и евиденција со цел да провери дали правилно и точно се пријавуваат податоците, кои се потребни за пресметување на премијата. Ако констатира грешки во пријавите за осигурување, осигурувачот пресметува дополнителна премија.

(2) Осигурувачот е должен да ги чува како деловна тајна податоците кои ќе ги сознае при прегледот на деловните книги и евиденцијата на осигуреникот.

**Констатирање и пријавување на штети**
**Член 9**

(1) Осигуреникот е должен секоја видлива штета, која е покриена со осигурување, да ја утврди записнички на вообичаен начин, со учество на приемачот односно корисникот на превозот пред предавање на пратката и за истото веднаш да го извести осигурувачот и да ги почитува неговите упатства.

**Доставување на оштетно барање**
**Член 10**

(1) Ако оштетената странка поднесе отштетно барање, осигуреникот е должен веднаш барањето да му го достави на осигурувачот заедно со сите документи и податоци потребни за ликвидација на штета како што се:
- пријава за штета;
- оштетно барање на оштетеното лице;
- превозни документи (товарен лист, Договор);
- царинска фактура или друг доказ за вредноста на пратката;
- писмена изјава на возачот за причината и околностите за настанување на штетата;
- записник-хавариски сертификат за процена на штета;
- докази врз основа на кои може да се утврди постоење или непостоење одговорност на осигурената страна за настанатата штета;
- записник од полиција, ако настанала сообраќајна незгода или кражба;
- докази и изјави кои осигурувачот ќе ги побара за појаснување на отштетното побарување.

(2) Ако од околностите за настанатата штета, или од поднесената документација не може со сигурност да се утврди одговорноста на осигуреникот за настанатата штета или за нејзината висина, осигурувачот е должен да му даде упатство за правните и други мерки, кои треба да ги преземе со цел да се заштити од недокажани, неосновани или преголеми оштетни барања.

(3) Осигуреникот е должен како добар стопанственик да ги преземе сите потребни мерки со цел да се заштити од неосновани побарувања. За преземените мерки без одлагање треба да го извести осигурувачот.

**Обврски на осигурувачот**
**Член 11**

(1) Во случај на штета за која постои одговорност на осигуреникот осигурувачот е должен ако превозот е пријавен и премијата платена да изврши надомест на штета на осигуреникот, согласно условите од овој Договор, во рок од 15 дена по целосното документирање на оштетното побарување и утврдувањето на обврските на осигурувачот. После овој рок плаќа законска камата.

**Бонус и малус**
**Член 12**

(1) Врз основа на овој Договор, осигуреникот има право на бонус и малус во зависност од постигнатиот технички резултат по истекот на 1 (една) година осигурување и тоа:

**Бонус**
- за немање штети и % на штети до 50%, 5% од техничката премија.

1) Бонусот се одобрува од договорената и наплатената премија во овој Договор.

2) Бонусот се одобрува како учество во позитивниот технички резултат во првиот квартал од годината за минатата година.

**Малус**

1) Осигуреникот има обврска за доплата на премија во тековната година, ако исплатените и резервираните штети се над 100% од техничката премија во претходната година, доплатокот изнесува:
   - 5% ако процентот на штети е до 120% од техничката премија;
   - 10% ако процентот на штети е над 120% од техничката премија.

**Барање на согласност**
**Член 13**

(1) Осигуреникот е должен пред признавање на својата обврска за надомест на штетата да побара согласност од осигурувачот и да се придржува на неговите упатства.
(2) Ако осигуреникот не постапи спрема одредбите од предходниот став, осигурувачот може да ја одбие исплатата на штетата, целосно или делимично во колку смета дека осигуреникот не бил одговорен за настанатата штета или неговата одговорнсот е помала од онаа која ја признал.
(3) Одредбите од претходниот став се приемнуваат и на случаите кога одговорноста на осигуреникот е утврдена во судски или арбитражен спор за кој осигуреникот благовремено не го известил осигурувачот, а осигурувачот ставил оправдана примедба во врска со водење на спорот.

**Висина на оштета**
**Член 14**

(1) Висината на оштетата за целосна или делумна загуба на пратките се утврдува според вредноста на предметите и фактуратра на продавачот, доколку таква вредност нема, тогаш по пазарната вредност во време и место на утовар, во границите на законскиот лимит за ограничена одговорност, но максимум до лимитот од член 3 од овој Договор во денарска противвредност по среден курс на валутата на денот на исплатата на штетата.

**Франшиза**
**Член 15**

(1) Осигурувачот ќе ја надомести настанатата штета поради сообраќајна незгода, пожар и експлозија без франшиза.
(2) Во случај на погрешно предавање на пратките поради измама на возачите и кражба, осигуреникот учествува со 20% од настанатата штета.
(3) Во сите други случаи франшизата ќе изнесува во висина на природната загуба (кало, крш, растур) за кој дел согласно законските прописи, узансите и условите за осигурување од овој Договор, не одговара превозникот.

**Регресно право**
**Член 16**

(1) Со исплатата на штетата, на осигурувачот му преминуваат сите права кои осигуреникот ги имал према лицата одговорни за штетата.
(2) Ако осигуреникот не постапи во склад со предходниот став, осигурувачот може од надоместокот на штетата да го одбие износот на штета која поради тоа ја претрпил.

**Забрана за неточно прикажување на содржината на договорот на корисниците на превозот**
**Член 17**

(1) Со овие Услови е покриена одговорноста на осигуреникот т.е. превозниците за штети на пратките примени на превоз. Поради тоа осигуреникот не смее да истапува према корисниците на превозот дека е осигурана пратката, со што ќе го доведе во заблуда сопственикот на стоката дека со овие Услови наполно се осигурани и неговите интереси.

**Решавање на спорови**
**Член 18**

(1) Согласно овие Услови, споровите ќе се решаваат спогодбено или пред редовниот суд во местото на седиштето на осигурувачот.

**Право на жалба**
**Член 19**

- Доколку осигуреникот или корисникот на осигурување не се задоволни од првостепената одлука, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 (осум дена) до Комисијата која одлучува по приговори.
- Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето можат да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.
- Во случај на спор помеѓу договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Претседател на Одбор на директори
Иван Фабијанчиќ